Република Северна Македонија
Општина Битола
02. 12. 2025
Број: 11 174
5517

( Образец ПП......)

**До:** Општина Битола
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:______________________________

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Предмет: Барање за информации за финансиското работење на помошните и стручно консултативните совети / советодавни совети

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Список на сите актуелни совети со нивниот состав и мандат.
2. Буџетот што е издвоен од општинскиот Буџет за функционирање на секој совет во последните три години.
3. Дали членовите на советите добиваат надоместоци, дневници или други финансиски средства, и во кој износ.
4. Дали советите добиваат средства од други извори како проекти, донации, фондови и колку.
5. Начинот на финансирање на активности на советите како простории, канцелариски материјали, техничка поддршка и сл.

Ве молам да ми ги доставите информациите во електронска форма и писмена форма по пошта.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- **г) електронски запис**
- д) друго______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Битола, 02.12.2025 година .**

[redacted]

(доколку барањет[redacted]тиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за правно нормативни работи

Бр.11-174/2
04.12.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-174/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молиме за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примено
04.12.2025

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61  7000 Битола  Република Северна Македонија
тел: 047 234 234  047 208 302  факс: 047 208 307  e-mail: bitola@t-home.mk  www.bitola.gov.mk

10. 12. 2025
11 174/3

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-сл./1
10.12.2025 год.
Б и т о л а

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Емилија Илиевска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-174/2 од 04.12.2025 година**

Почитувани,

Согласно Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-174/1 од 02.12.2025год.[redacted]ка со бараната информација **под точка 1. Список на сите актуелни совети со нивниот состав и мандат, Ве известуваме дека од страна на Советот на Општина Битола се формираат следните совети: Совет за јавно здравје, Совет за заштита на потрошувачи на Општина Битола, Локален Совет за превенција, Локален економско-социјален совет на Општина Битола, Локален совет за волонтерство на Општина Битола, Локален младински совет на Општина Битола, Општински Совет за социјална заштита на Општина Битола, Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Битола, Совет за превенција на детско претстапништво** и донесена е иницијатива за донесување Одлука за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на Општина Битола.

- Совет за јавно здравје **(завршен мандат, во постапка за формирање на наредна седница на совет)**
- Совет за заштита на потрошувачи на Општина Битола **(завршен мандат, во постапка за формирање на наредна седница на совет)**
- Локален Совет за превенција **(актуелен совет со потреба од измена на членовите)**
- Локален економско-социјален совет на Општина Битола **(актуелен совет со потреба од измена на членовите)**
- Локален совет за волонтерство на Општина Битола **(актуелен мандат)**
- Локален младински совет на Општина Битола **(актуелен мандат)**
- Општински Совет за социјална заштита на Општина Битола **(завршен мандат)**
- Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Битола **(актуелен мандат)**
- Совет за превенција на детско претстапништво **(актуелен мандат)**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

- Совет за поддршка на женско претприемништво на Општина Битола **(иницијатива за донесување Одлука за негово формирање)**

Сите горенаведени совети ги формира советот. Советот за јавно здравје и Советот за заштита на потрошувачи на Општина Битола се во постапка за нивно формирање, додека за сите останати совети подетални информации за нивниот состав и мандат може да се обратите до Одделението за јавни дејности.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-174/4
10.12.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **02.12.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-174/2025** од **02.12.2025 година**, во врска со информации во врска со Советот на Општина Битола .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-174/2025 на ден 02.12.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации во врска со Советот на Општина Битола.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-174/1 од 02.12.2025.
2. Допис до Одделение за правно нормативни работи бр.11-174/2 од 04.12.2025.
3. Одговор од Одделение за правно нормативни работи бр.174/3 од 10.12.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 10.12.2025 година, под бр. 11-174/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА